


# Пописот не треба да бранува

Пописот во Македонија е во завршна фаза. За надлежните пописните активности течеа според планот. Сепак вредно е да се напомене пред да почне сумирањето од резултатите на попишувањето дека цело време доде течеше пописот, многу граѓани на социјалните мрежи искажуваа загриженост и сомнеж дека нема гаранции околу точноста на пописот

- Партии на етнички Албанци, Турци, Роми… самите си кажуваа колку мора да се нивните сонародници застапени во проценти во Македонија или пописот немало да биде прифатен. Поради тоа стравувам дека бројките ќе се штелуваат, е едно од многуте реагирања од граѓани на Фејсбук.

Има и граѓани кои не се попишуваат прифакајќи го апелот на лидерот на „Левица" бидејќи се разочарани како и по кои методи тој се спроведува.

Да споменуваме ли дека почнаа да споменуваат продолжување на пописот?

Дали овие сомнежи ќе останат и во иднина во многу зависи од надлежните институции. Ќе има политика или не во крајниот резултат од пописот, ќе зависи од нивната професионалност и непристрасност. Важно е Македонија да добие релевантен попис кој нема да ја бранува јавноста и иднината на земјата.

**МАКЕДОНСКО ЕХО**
ул. Димо Хаџи Димов бр. 38, Скопје
тел: 078/418-692

**Редакција:**
главен и одговорен уредник:
**Антонио Спасев**
skopskoeho@yahoo.com

**Издавач:**
**ЕХО МЕДИА ГРУПА**
ул. Димо Хаџи Димов бр.38, Скопје
жиро сметка: 290-1000000918-08

Директор:
**Владимир Пандовски**

Маркетинг:
marketing@emg.mk
тел.078/444-021

Тираж: 75.000 примероци
Испечатено на: 29.9.2021 г.
Печати: „Европа 92" Кочани
ул. Крижевска бр.22

ЗДРУЖЕНИЕ „МАКЕДОНСКА ПЧЕЛА"

# Се грижиме за заштита на автохтоната македонска медоносна пчела

**Вршиме двогодишни циклуси на мерења на повеќе особини и карактеристики на повеќе генотипови на македонската пчела, ни вели претседателот Горан Алексовски**



Во светот денеска се детерминирани 33 подвидови од видот Западна медоносна пчела (Апис меллифера) при што нив 13 потекнуваат од Европа, а останатите се наоѓаат во Африка и Азија. А токму во нашата земја – Македонија - како автохтон егзистира токму еден од европски подвидови: Македонската пчела (Апис меллифера мацедоница) која ја има на подрачјето на целата наша земја. Ја има и на северот на Грција, како и во делови од Бугарија, Србија, Романија, Молдавија и Украина. Ова наша причина за гордост е детерминирана во 1988 година од германскиот научник Фридрих Рутнер, кој утврдил дека оваа пчела се разликува од пчелите кои ги има во земјите од опкружувањето. Неговата теза е потврдена од страна на проф. д-р Александар Узунов и соработниците од скопскот Факултет за земјоделски науки и храна во 2007, 2009 и 2014 година со употреба на морфометриски и молекуларни методи. Сега, заштитата и унапредувањето на Македонска пчела како своја главна обврска ја има Македонско здружение за заштита на автохтоната македонска медоносна пчела – „Македонска пчела".

- Формирани сме професорот Узунов и сме група на професионални и хоби пчелари вљубеници во медоносните пчели и пчеларството и големи ентузијасти за заштита на животната средина и биодиверзитетот. Регистрирани сме во 2011 година. Автохтоната македонска медоносна пчела беше „виновникот" поради кого го основавме здружението, со цел нејзина заштита, нејзино подобрување и промоција, ни вели претседателот Горан Алексовски.

Ова пчела е целосно прилагодена на македонското поднебје, на локалните услови и извори на храна. Токму тоа ја прави оваа пчела незаменлива за одгледување во Македонија. А Здружението секоја година ги следи состојбите со овој вид на пчели во наша земја.



**ГОРАН АЛЕКСОВСКИ: Ќе продолжиме со сите активности за заштита и унапредување на Македонска пчела.**

- Вршиме двогодишни циклуси на мерења на повеќе особини и карактеристики на повеќе генотипови на македонската пчела. Податоците од овие мерења се внесуваат во заедничка база на податоци која ни покажува кои генотипови ги поседуваат оние особини кои ние пчеларите ги посакуваме (висока медопродуктивност, отпорност на болести и др.). Од тие матици произведуваме ќерки кои ги вклучуваме во нов циклус на мерења и тестирања и процесот на селекција продолжува, објаснува Алкесовски.

По завршувањето на секој циклус, примероци на пчели од тестните пчелни семејства се испраќаат во институти во Данска и Германија. Ова се врши по протокол изработен од Институтот за пчеларство во Кирхајн, Германија, а во координација со Факултетот за земјоделски науки и храна во Скопје. Досега се реализирани 5 двогодишни циклуси.

- Деновиве ја стартувавме кампањата за кревање на јавната свест за значењето од одгледувањето на автохтоната пчела „Одгледувам македоника-одгледувам наше!", најавува Горан Алексовски.

## Опасност од неавтохтони видови

Алексовски наведува дека многу пчелари поради неинформираност или поради желба за брза заработка, на различни начини внесуваат пчелни матици од разни неавтохтони подвидови и комерцијални хибриди.

- Овие пчели не се прилагодени на локалните услови, подложни се на болести, трошат повеќе храна, имаат покус животен век и не овозможуваат рентабилно пчеларење на подолг рок. На овој начин, освен што си нанесуваат штета самите себе си, прават штета и на многу пчелари кои ја одгледуваат македонската пчела, потенцира тој.